На основание по чл. 8 од Одлуката на Претседништвото на Антифашистическото векје на народното ослободуенје на Југославија за преминаване во државна сопственост на непријателските имушества и на чл. 9 од Правилникот за организација на Државната управа на народните имоти, у сагласност со Министерот на трговијата и снабдуенето и Министерот на индустријата и рударството, а во интересот на народното стопанство и на обновуенјето на земјата, донесувам

РЕШЕНИЕ
за ликвидациа на Трговско-индустрналната банка „Вардар“ А. Д. Скопје и за преостапването нејното имушество на Македонска стопанска банка во Скопје

Чл. 1

Трговско-индустриалната банка „Вардар“ а. д. Скопје се ликвидира.

Ликвидацијата кје се изврши на таков начин, што целокупното имушество (актива и пасива) на

Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје ке се пренесе на Македонската стопанска банка и што на ова банка кје се пренесат и сите права и задолженија на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, од било кое основание они да произлезуват.

Чл. 2

Преносот на имуществото (активата и пасивата) кје се изврши према положението на денот на влегувањето во сила на овоа решение, кое кје утврди специјално за това определена комисија.

Комисијата од претходната алинеа ја именува Министерот на финансите на Македонија и она се состои од три члена и това: еден претставител од Управата на државните имоти во Скопје, еден претставител од Македонската стопанска банка и еден чиновник на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје.

Чл. 3

Со завршувањето на работата на комисијата од предходниот член кје се смета преносот на имуществото (активата и пасивата) извршен и ликвидацијата на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје завршена. При прва возможност Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје кје се избрише од сите регистри на основание на кои се води како правно лице односно како фирма.

Чл. 4

Недвижимите имоти на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, до второ наредување, минуват во управление на Македонската стопанска банка и приходите од нив истата кје ги книжи на оделна безлихвена сметка.

Чл. 5

Македонската стопанска банка кје ликвидира потраживањата на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје и собраните пари од таја ликвидација кје книжи на оделна безлихвена сметка.

Потраживањата на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје кје ги собира Македонската стопанска банка заедно со 6% проста лихва, која кје се пресметува од денот на срокот на потраживањето до денот на собирањето. Собраните лихви Македонската стопанска банка кје ги книжи на оделна безлихвена сметка.

Чл. 6

Направените фактически разноски околу собирање на потраживањата на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, како и околу управата на недвижимите имоти на истата, Македонската стопанска банка кје ги книжи на оделна безлихвена сметка. Таја сметка кје се ликвидира на крајот на сека работна година, задолжавајки за целата сума безлихвената сметка на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, креирана согласно распоредбите на првата алинеа од претходниот член.

Чл. 7

Чиновниците на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје престануват како такива со денот на преносот на имуществото од таја банка на Македонската стопанска банка. До таја дата кје бидат намирени со своите заплати од страна на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, доколку истата има расположиви парични средства.

Чл. 8

Македонската стопанска банка е должна на крајот на сека работна година д поднесува отчет (сметка) на Министерот на финансите на Македонија за собраните суми од ликвидиране на потраживањата и од реализирани кирии од недвижимите имоти на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје. Препис од тој отчет (сметка) Македонската стопанска банка е должна да поднесува и на Управата на државните имоти во Скопје.

Чл. 9

Приемените суми од собрани потраживања и кирии од недвижимите имоти на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје, до второ наредување, остануват на безплатно користење при Македонската стопанска банка.

Чл. 10

За ликвидација на долговите (пасивата) на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје кје се донесе специјално решение.

Чл. 11

Ако се подоцна покаже оти известен дел од основниот капитал на Трговско-индустриалната банка „Вардар" а. д. Скопје не представува имущество, кое подпада под удар на Одлуката на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија за преминаване во државна сопственост на непријателските имуштества, тој дел кје се издвои земајќи за база положението кое е утврдила комисијата по чл. 2 на овоа решение, како и на основание на сведенијата по кои е това положение установено.

Чл. 12

Овоа решение влегува во сила од денот на објавувањето му.

Министер за финансите на Македонија
Л. АРСОВ

За да се даде возможност да исплатат задолженијата кои имат известни лица према бившите окупациони државни, полудржавни и частни банки, открити за време окупацијата на Македонија, донесувам:

РЕШЕНИЕ

ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА ОКУПАЦИОНИТЕ ДРЖАВНИ, ПОЛУДРЖАВНИ И ЧАСТНИ БАНКИ, ОТКРИТИ ВО МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ ОКУПАЦИЈАТА КАКО КЛОНОВЕ НА БАНКИ ОД БОЛГАРИЈА

Чл. 1

Сите бивши окупациони државни, полудржавни и частни банки (клонове на банки од Бугарија), открити во Македонија за време окупацијата, се објавуват во ликвидација и се натоварува Македонската стопанска банка да изврши таја ликвидација.

Чл. 2

Целата актива и пасива на банките споменати во предходниот член кје се предаде на Македонската стопанска банка.

Примопредавањето на активата и пасивата кје се изврши према положението кое кје утврди специјално за това определена комисија.

Комисијата од предходната алинеа ја именува Министерот за финансите на Македонија и она се состои од три члена: еден представител од Министерството за финансите на Македонија, еден представител на Македонската стопанска банка и еден чиновник од соответната банка, при липса на таков се именува еден представител од Управата на државните имоти во Скопје.

Чл. 3

Македонската стопанска банка кје ликвидира потраживањата на окупационите државни, полудржавни и частни банки и собраните пари од таја ликвидација кје ги книжи на оделна безлихвена сметка за сека банка пооделно.

Потраживањата на окупационите државни, полудржавни и частни банки кје ги собира Македонската стопанска банка заедно со 6% проста лихва, која кје се пресмета од денот на срокот на потраживањето до денот на собирањето. Собирните лихви Македонската стопанска банка кје ги книжи на оделна безлихвена сметка за секоја банка пооделно.

Чл. 4

За собирање на потраживањата и лихвите на окупационите државни, полудржавни и частни банки

Македонската стопанска банка има право на провизион од 2% од собраната сума или најмалку 10 динари од секоја операција. Исто така Македонската стопанска банка има право и накнада на фактическите разноски направени околу собирането на потраживањата.

За припадаштиот провизион и фактическите разноски Македонската стопанска банка кје задолжава пооделно секоја окупациона банка по специална безлихвена сметка. Таја сметка кје се ликвидира на крајот на секоја работна година, задолжавајки за целата сума безлихвената сметка на соответната банка, кредитирана согласно распоредбите на Чл. 3 алинеа прва од овоа решение.

Чл. 5

Македонската стопанска банка е должна на крајот на сека работна година да поднесува отчет (сметка) на Министерот за финансите на Македонија за собираните суми од ликвидирање на потраживањата на окупационите државни, полудржавни и частни банки.

Чл. 6

Чиновниците на окупационите државни, полудржавни и частни банки престануват како таквиа со денот на предавањето на активата и псивата на Македонската стопанска банка. До таја дата кје бидат намирени со своjте заплати од страна на соотевната окупациона банка, доколку истата има расположиви парични средства.

Чл. 7

За ликвидациjа на долговете (пасивата) на окупационите државни, полудржавни и частни банки кје се донесе специално решение.

Чл. 8

Овоа решение влегува во сила од денот на обjавањето му.

Министер за финансите на Македониjа
Л Арсов

XVII

ОДЛУКА
за образуване Македонски федерален статистички уред

Чл. 1

Се образува Македонски федерален статистички уред при Претседателството на Народната влада на федерална Македониjа (М. Ф. С. У.)

Чл. 2

Македонски федерален статистички уред раководи со целокупната статистичка служба на териториjата на федерална Македониjа.

Чл. 3

Сите статистички пописи, без разлика од кои се органи на народната власт, да се саобразат со прописите на М. Ф. С. У.

Чл. 4

Статистичките обjавуенjа на сите органи на Народната власт, пред да се обjават, треба да се поднесат на одобрение на М. Ф. С. У. Само подаци за обjавуенjе од М. Ф. С. У. и оние обjавуенjа кои подлегjат на неjзиното одобрение имат jавноправен карактер.

Чл. 5

Jавноправните учрежденија и часни претприjатиjа во случаj да обjавуват статистички обjавленија се должни да доставаат од секое обjавуенjе по 10 примерка на М. Ф. С. У.

Jавни и часни издавачки предприjатиjа се должни да доставаат на М. Ф. С. У. по еден примерак од своите изданија, во колко се тие однесуваат на стопански или технички граници на економската наука. Исто така ке направаат сите уредништва, на месечните одн. периодични часописи или листови.

Чл. 6

М. Ф. С. У. се грижи за статистичкото обучение и за таја цел организира курсови.

Чл. 7

Сите органи на народната власт, jавни и часни учрежденија, као и часни лица, се должни да даваат сите подаци кои се потребни за воденjе на статистичката служба.

Чл. 8

Македонскиот федерален статистички уред е во тесно и постоjано соработуенjе со статистичките отсеци на Министерствата на Народната влада на Македониjа, во колко Министерството, ке образуваат такви одсеци.

Чл. 9

При секоj народен одбор се образуваат статистички одсеци односно реферати, чиjи задаци се следните.

1. Да на своjата териториjа спроведат, на бараниjе на М. Ф. С. У. сите статистички работи и да доставуваат прибираните подаци на М. Ф. С. У.

2. Да ги средува тие подаци и ги ставува на расположение на останалите заинтересирани одсеци.

3. Да сагласно чл. 3 и 4, за своите потреби вршат на своjата териториjа прибираниjе на статистички подаци и други статистички работи.

Чл. 10

Македонскиот федерален статистички уред соработува со државниот статистички уред и за неговите потреби спроведува оние статистички работи на териториjата на федерална Македониjа, кои се предвидени во чл. 3 во одлуката за организациjа на државниот статистички уред на Демократска федеративна Југославиjа, од 14 XII 1944 год.

Чл. 11

На чело на Македонскиот федерален статистички уред стои директор коj ке биди назначен од Претседателството на Народната влада на Македониjа. Директорот на М. Ф. С. У. во исто време и член на комисиjата за обнова на федерална Македониjа.

Чл. 12

Претседателството на Народната влада на федерална единица Македониjа, ке изработи правилник по предложение на М. Ф. С. У. за работи и работенjе на М. Ф. С. У., и статистичките одсеци при народните одбори.

Чл. 13

Ова одлука влегува во сила со денот на обjавуенjето.

Во Скопjе, 19 маjа 1945 год.

Министерски совет на Народната влада на Демократска Федерална Македониjа.

Претседател: *Лазо Колишевски*

VIII

УРЕДБА
За разрезуване и собиране на општи и скупни данак на пословни промет и данак на луксуз

Чл. 1

Општи скупни данак на пословни промет и данак на луксуз кje се разрезуе и собира по прописите на Законот а данакот на пословни промет од 31 I 1922 год. и правилникот од 10 II 1922 год. со сите измененија и дополненија; по законот за скупниот данак на пословни промет од 31 I 1922 год. со сите измененија и дополненија; по уредбата за скупниот данак на пословни промет Бр. 16100/31 год. од 18 III 1931 год. со сите измененија и дополненија по Уредбата за облагане и плаќане на данакот на луксуз со списокот на луксузните стоки и предмети со сите измененија и дополненија кои са важили на 6 IV 1941 год. во бив. Југославиjа, како и одлуката на Поверенството на финансиите Н. К. О. J. III бр. 225 од 6 II 1945 год., како и напатствието за облагане и собирани на данаците во 1945 год. на Повереникот на финансиите III бр. 189 од 31 I 1945 год.

Чл. 2

При разрезуенето на овиа данаци кіе се одбива од утврдените основи направениот промет со војните установи, коіи доказано не е платен од овиа Установи. Така кіе се направи и при давањето на месечни аконтации по § 6. од Законот за скупниот данак. Данакоплатецот е должен така одбениот промет со војните установи да пријави и односниот данак плати во месецот во коі накнадата прими. Во противен случај кіе одговара за дело даночна утаіа (чл. 142 и 142-а законот за непосредните данаци).

Чл. 3

За оваіа година непосредни внос на стока, собствена продажба на стока и материјали, како и клане на добиток за нуждите на војската не се плаќа скупни данак и луксуз.

Чл. 4

За правилното исполнение на прописите од оваіа Уредба Министерството на финансиите отделение за данаци кіе даде нуждите напатствиіа и објасненија.

Чл. 5

Оваіа уредба влегува во сила на 1 VI 1945 година и од истиот ден престанує да важи Повелбата Бр 34 од 19 III. 1945 год. за данакот на фактурната стоіност.

Одобрено од Министерскиот савет на Народната Влада во Македониіа на заседанието од 19 мај 1945 год. протокол № 6.

Председател на Нар. влада
Лазар Колишевски с. р.

УРЕДБА

За основуване на Државен металски завод под името „Државен металски завод „Тито" во село Горче Петров крај Скопје.

На основание предлогот на Министерството за индустриіа и рударство на Народната влада на демократска федерална Македониіа, Министерскиот совет на Народната влада на Македониіа во демократска федеративна Југославиіа, ја донесе следната уредба за основуване на Државен металски завод.

Чл. 1

Се создава Државен металски завод под името „Државен металски завод „Тито" во село Горче Петров крај Скопје.

Чл. 2

Предмет на работата е изработуване на електрометалски произведениіа и машини.

Чл. 3

Основен капитал на заводот е 2.000.000 (два милиона) динара. За поголемуване на основниот капитал и отворуене на нужни кредитни средства ќе одлучува Министерот на индустриіа и рударство во споразумение со Министерот на финансиите.

Чл. 4

Заводот се раководи од управниот одбор. Управниот одбор се состои од наімалку пет и наівише десет члена. Член на управниот одбор е и раководителот на Заводот. Членовите на управниот одбор и раководителот ги назначава и сменує Министерот за индустриіа и рударство.

Чл. 5

Со чистата печалба на Заводот располага Министерот за индустриіа и рударство во споразумение со Министерот на финансиите.

Чл. 6

Прописите на Уредбата за државното рачуноводство и Законот за главната контрола нема да се применуват на ова предпријатіе.

Чл. 7

Државниот металски завод ке биде под управа и надзор на Министерството за индустриіа и рударство. Правилник за организациіа и работа на Државниот металски завод „Тито" ке пропишуе Министерот.

Чл. 8

Оваіа уредба влегуе во сила со денот на обнародувањето и.

Протокол бр. 6 Претседател
19 мај 1945 год. на Народната влада на демократска
Скопіе федерална Македониіа
Л. Колишевски

Министер за индустриіа и рударство
Ст. Гигов

РЕШЕНИЕ

За предаване на машините инструментите оставени од окупаторите при приватни лица и во државни установи

По предложение на Министерот за индустриіа и рударство на Народната влада на демократска федерална Македониіа, Народната влада на федерална Македониіа во демократска федеративна Југославиіа донесує следното решение:

Сите машини алатки и нивниот алат и алат за машински работилници оставени, оставени од окупаторите, коі се навоѓаат сега при приватни лица или во државни установи, се ставаат на расположение на Државниот металски завод „Тито" во с. Горче Петров крај Скопіе — во срок за 1 месец од денот на обнародувањето.

Плаќањето на машините алатки нивниот алат и алатот за машински работилници, ке се уреди дополнително.

Министерот за индустриіа и рударство ке решиі со соответните Министри коіи машини ке бидат изземени од државните установи и коіи ке ги се остават на последните.

Исто така и сите електрични машини (мотори и генератори) и други погонски мотори, било општатечни или не, се ставаат на расположение на Државниот металски завод „Тито" во с. Горче Петров крај Скопіе

Протокол бр. 6 Претседател
19 мај 1945 год. на Народната влада на федерална
Скопіе Македониіа:
Л. Колишевски

Министер за индустриіа и рударство:
Стр. Гигов

За да можи правилно да се распореди учителскиот и професорскиот кадар, а на основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Македониіа, Министерот на просветата ја донесує следната:

УРЕДБА

за назначуење, преместуење и уволнуење на учителите, професорите и чиновниците од ресорот на Министерството на просветата

Чл. 1

Окружните просветни референти, околиіските просветни референти, чиновниците при окружните и околиіските просветни одели и учителите од основните училишта се назначуват, преместуват и уволнуват од Министерството на просветата.

Чл. 2

Прислужниците при основните училишта, при окружните и околиіските просветни одели се назначуват, преместуват и уволнуват од окружните односно околиіските народни одбори по предложение на месните народни одбори.

Чл. 3

Гимназиите и сите други стручни школи од ресорот на Министерството на просветата се ставаат под директна управа на Министерството на просветата.

Директорите, преподавателите и прислужниците се назначуват, преместуват и уволнуват од Министерството на просветата.

Чл. 4

Ова Уредба ступуе на сила со денот на објавуенјето.

22 - V - 1945 год. Министер на просветата:
Скопје *Н. Минчев*

УРЕДБА
за дипломите добиени за време на окупацијата

На основание чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Македонија од 16 април 1945 година, Министерот на просветата ја донесуе следната:

УРЕДБА

за непризнаванје на дипломите, испитите и семестрите добиени на универзитетите и високите школи за време на окупацијата.

Чл. 1

Не се признават и се сметат за невалидни: дипломите, испитите, семестрите и академските степени (докторати) и т. н.), добиени или признаени за време на окупацијата на универзитетите и високите школи во Југославија или во непријателските и од непријателот окупираните земји.

Чл. 2

По исклјучение од одредбата во чл. 1 можи да се признат: дипломите, испитите и семестрите од домашните универзитети и високи школи за кој специално образувани комисии кје најдат оти има основание да им се признае валидност. Признаените дипломи кје се заменат со нови.

При одлучуенјето комисиите кје се раководат од стручната вредност на испитните комисии, односно од предаванјата и вежбите кој се извршени, како и од условите за работа во школите створени со дејствието на окупаторот и неговите домашни помагачи било на самата школа било на испитната комисија било на некој од незините членови. Наставниците, назначени односно избрани за време на окупацијата, се сметат за неквалификовани за участие во ова школска работа.

На студентите кои за време на окупацијата служиле во издајничките воени формации на Недикі, Лјотикі, Дража Михајлович, Павелич, (сметајки ги тука и хрватските домобрани), Рупник, во албанските фашиски контра чети, во Ванчовиските контра чети или членувале во фашиските организации „Отец Паиси“, „Ратници“, „Легионери“ или се нарочно истакнувале во организациите „Браник“ и „Шар“ не можи да им се признат дипломите, испитите и семестрите добиени под окупацијата.

Одлуката на комисијата се правоснажни.

Чл. 3

Министерството на просветата кје образуе специјална комисија во гр. Скопје која кје донеси одлука за признаванјето односно непризнаванјето на дипломите, испитите и семестрите на студентите од бившиот Скопски универзитет а во согласност со член 2 од ова Уредба. Ова комисија е должна да во срок од месец дена од денот на незиното образуенје донесе одлука за признаванјето односно непризнаванјето на дипломите, испитите и семестрите.

Чл. 4

Дипломите добиени или признаени од страните универзитети за време на војната кје се поднесуват на нострификација на Комисијата за нострификација на страните дипломи при савезното Министерство на просветата.

Испитите и семестрите добиени при признаени од страните универзитети за време на војната кје се поднесуват на специјално за това образувана комисија при савезното Министерство на просветата.

Чл. 5

На студентите на кој не кје им се признајат дипломите добиени од окупацијата, факултетските односно школските професорски совети (а во колку ги нема овие тогај Комисијата за обновуенје на Универзитетот односно високите школи) кје определат срокови и кје припремат се што е нужно за положуенје на испит во границите на признаните семестри.

За извршуенје на ова задача можи да се викнат професори и наставници од други школи или други универзитети, дури и стручно квалификовани лица.

Чл. 6

Ова Уредба ступуе на сила со денот на објавуенјето.

22 - V - 1945 Министер на просветата
Скопје *Н. Минчев*

ВАЖНИ СООПШТЕНИА
за сите државни и часни банки, кооперации, осигурателни дружества и др.

Министерството на финансиите (Банково-валутно оделение) на Демократска федеративна Југославија соопшти на Министерството на финансиите на федерална Македонија, дека е донело две важни одлуки, имено:

1) Одлука VII бр. 1280 од 20 IV 1945 год., која гласи:

„1) Кредитните установи да не наплатуват провизија за преноси од една на друга сметка (вирмани, дознаки без изплата во готово) во самата установа или меѓу установите, па и во случај за пренос на или преку Поштанска штедионица, Народна банка или привредните банки.

2) Одредбата на точка 1 не се однесуе на преносите (вирмани, дознаки) кои се извршуват со телеграма или по телефон.

3) Со ова се укинуват сите прописи противни на оваја одлука.

4) Оваја одлука влегуе во сила со денот на објавуенјето“.

Б) Одлука VII бр. 1357 од 20 IV 1945 год., која гласи:

„1) Сите потврди, признаници, заложници, заложени листои и слични документи, што ги издават за приемните вредности во залог или на чуванје јавните и часни кредитни институти, кооперации осигурителни дружества, залагалници и останалите учрежденија кои било по кој основ примаат вредности, требе да гласат на името на лицата на кои се тиа вредности или налицата кои ги полагаат или заложуат.

2) До сега издадените потврди на шифра или на доносител ке требе во срок од три месеца да се заменат во смисалот на точка 1 од оваја одлука.

3) Оваја одлука влегуе во сила со денот на објавуенјето“.

Горните одлуки на Министерството на финансиите (Банкововалутно оделение) на Демократска Федеративна Југославија се ставуат до знание на сите државни и часни банки, кооперации, осигурателни дружества, залагалници и др., доколку овакви има во федерална Македонија, и се задолжуват да сообразат својата работа со претписаниата на тиа одлуки.

Бр. 2462. *Од Министерството на финансиите*
Општо оделение

Судскиот отдел при Градскиот Народен одбор во Скопје, на 14 мај 1945 година.

РЕШИ:

I. ОДОБРАВА се ликвидацијата на дружеството „СОЛУН“ во чији састав влегувајат членовите:

Тихомир Здравев, Димитар Настев Христо Караджа, Андреја Недев, Тодор Костов, Асен Венинов

и Државната Управа на Народните имоти за делот на Христо Здравев.

II. Ополномоштават се членовете на дружеството Асен Венинов и Државната Управа на Народните имоти да можат во името на членовите на дружеството и за нивната сметка да извршат свите наплатувања и исплатувања, према поднесените биланси.

III. Следното решение да се саобшти во службениот весник на Федералната единица Македонија како и да се достави до даначните власти во Скопје, до Трг. индустриската камара во Скопје и до ГНО.

От Судскиот отдел при ГНО.

ОГЛАСИ

КОНКУРС ЗА ОСНОВНИ УЧИТЕЛИ

За сите учители и учителки, који ги немат потребните квалификации, а који сакат да останат на редовна учителска служба, како и за оније који не се на учителска служба, а сакат да станат учители. Министерството на просветата ке организира два вида курса за нивното стручно подготвуење.

I КУРС

Во овој курс ке се примат кандидати со завршен VI, VII и VIII клас гимназија и студенти који имат еден или два семестра и који до сега не биле учители, а сакат да станат редовни основни учители. Во овој курс ке се примат и ученици који завршиле III и IV клас на учителските школи. На курсистите који ке го завршат со успех курсот ке им се издадат свидетелства за положениот испит, који ке им дадат законско право да бидат редовни основни учители.

II КУРС

Во овој курс ке се примат кандидати со завршен IV и V клас гимназија и со некој клас од некое средно стручно училиште (средно стопанско училиште, трговска академија, средно земјоделско училиште и т. н.) и ученици који имат завршен I или II клас на учителските школи или педагошки институти. Исто така на овој курс ке се примат и учителки со завршено ниже стопанско училиште (раднишка школа), који се сега на учителска служба.

Ако курсистите го завршат со успех курсот ке бидат назначени за привремени учители, који ке вршат учителска служба и ке се добиват плата. На курсистите који го завршат со успех курсот ке им се издадат свидетелства. Привремените учители после едногодишна успешна учителска служба, ке се јават за уште еден курс за стручно подготвуење и ако го успешно завршат и вториот курс ке бидат назначени за редовни учители. Исто така ке добијат свидетелство које ке им даде законско право да бидат редовни основни учители.

Курсовите ке трајат од 10 јули до 30 септември 1945 година. Кандидатите требе да поднесат молба до Министерството најдоцна до 20 јуни. Молбите се поднесуват преку околиските народни одбори. Во молбата ке се назначи какво образование има кандидатот, од каде е родом, која година е роден, и на каква е работа. Кандидатите за овие курсови не можат да бидат помлади од 17 години. Дополнително ке се извести каде ке се држат курсовите и који учители во које место ке бидат распределени. Министерството предвидува дека за овие курсови ке се јават многу кандидати и затова истите ке се држат во неколку места.

За албанските и турските учители ке се одржи оделен курс во гр. Скопје и тие требе да подадат молба. За нив не важи предвиденото образование за учители македонци. Албанските и турските учители требе да имат најмалку IV отеление основна школа и некоја стручна школа или некој клас гимназија. Другите задолженија и права се исти како и за учителите македонци.

Од Министерството на просветата

Поради тоа што во „Специалниот додаток на службен весник Бр. 6 од 20 мај 1945 год. погрешно са оштампани некој пасоси или са пропуштени некој штампарски грешки во Уредбата за регулисане на платите н државните службеници во Федерална Македониа, за това донесуеме овија исправки:

Во чл 2, место пасусот „Платите на службеници те се определуват со оглед на званието и положајот кои завземат во државните", да се чете: „Платите на службениците се опредетуат со оглед на знанието и положајот кои завземат во државната администрациа".

Во Чл 6 место думата„ заплата" секаде да се "чете плата„ и место пасусот: „од една половина од заплатите" да се чете: „до една половина од платите."

Во Чл. 9 под точка „2. Чиновници:" место думата „приватна" да се чете: „приправна". и под точка „3. Званичници:" пасусот под: „III група со над 9 год." да се чете: „III група со под 9 години."

Думите под „IV. ПРЕДХОДНИ РАЗПОРЕДБИ" да се четат:„III. ПРЕДХОДНИ РАЗПОРЕДБИ".

Во Чл. 12 пасусот во второто изречение:„ . . . дали при секоја декларација има нужните документи нема да . . . „да се чете:" . . . дали при секоја декларациа има нужните документи или не Доколку манекоја декларациа не е подкрепена со документи, таква декларациа нема да . . . ".

ЗАДОЛЖИТЕЛНА ПРИЈАВА

на земаниата и другата имовина како и долговите во тугина-иностранство

Во смисол на одлуката на националниот комитет на ослободуенето на Југославија од 12 јануари о. г., објавена во Службениот лист бр. 3 од 9 февруари о. г. Народната банка ги вика сите физички и правни лица који имаат постојано местожителство или седалиште на територијата на федерална Македонија да најдоцан до 10 јуни 1945 год., поднесат на филијалата на Народната банка, Скопје, писмени пријави за земанијата и другите имущества како и долговите во тугина-иностранство, по следните образци:

1) ЗЕМАНИЈА ВО ТУГЈИНА-ИНОСТРАНСТВО

Ве известуваме дека имаме следните земаниа во — — — — — — — —

а) сума и валута: б) име и адреса на должникот: в) кога и како е станало земанието: г) врста на земанието и срок на плакјането:

2) ДВИЖИМИ НЕДВИЖИМИ ИМУЩЕСТВА ВО ТУГЈИНА-ИНОСТРАСТВО

Ве известуваме дека имаме следните имущества во ——————

а) вредност: б) каде и при кого се навогја: в) врста на имуществото: г) кога се и како дошло до притежание.

3) ДОЛГОВИ ПРЕМА ТУГЈИНА-ИНОСТРАНСТВО

Ве известуваме дека имаме следните долгови према земја ——————

а) сума и валута: б) име и адреса на кредиторот: в) врста долгот и срок на плакјанјето: г) кога и како настанал долгот:

Во врска со горното се дават следните напатствиа за популнуене на пријавите:

а) Ако истото лице има и долгови и земаниа мора да поднесе оделна пријава за долговите и оделна за земаниата. Ако има земаниа во више земји, мора за секоја земја да поднесе оделна пријава. Исто така за долговите. Земниата во више валути во една

земја можат да сепријавт во една пријава, ама прво да се наведат сите земаниа во една валута, па да се соберат после во друга валута и т. н. т. Ако во една земја има више должници и кредитори да се внесат сите должници во една пријава а кредиторите во друга. Сумите мораат на крајот да бидат собрани.

б) Сумата да се назначи во валута во која земањето или долгот денеска стварно се води. Ако понапред се водило во друга валута, това да се назанчи на крајот на писмото или во забележката.

в) Во рубриката „Кога и како е станало земањето (долгот)" да се назначи датумот кога земањето или долгот е станало и по кој основ е станало(на пр. за продадена стока, за купена стока, плаќање унапред, за стока, подвоз, црина, рефакциа, провизиа, финансијски заем, за противредност за купони, дивидента, тантиема, хонорар и т. н. т.).

г) Во случај да некој податок не може да се наведе, тогај на крајот на писмото или во забелешката да се објасни зашто не може да се наведе. Ако некој податок неможе да се наведе само приблизително, тогај така да се наведе, а на крајот на писмото или во забелешката да се објасни разлогот.

д) Пријави имат да поднесат сите лица без обзир да ли по рано се поднели или не. Према това, се „сметат за невалидни и пријавите поднесени на народната банка во форма на обични писма, бидејки не са поднесени по опишаните обрасци.

дј) Не требе да се понесујат пријави за земањата од Германскиот Рајх или други држави на име ратна штета.

е) При пријавуењето на другото имушество на домашните лица, које се навогја во тугина-иностранство по образец бр. 2), има да се пријават, покрај движимите и недвижимите имоти и разните права, како на пр. истржните права, јемствата, хипотеките и т. н. т. По овој образец има да се пријават и хартиите од вредност со назначуене на нивниот номинален износ, врстата и количеството.

ж) При означуењето на вредноста на имушество то има да се означи онаја вредност која е била преди 6 април 1941 година.

з) Како тугина иностранство се сметат сите места надвор од границите на предратна Југославија.

и) Како тугинци-иностранци се подразбират сите физички и правни лица који имаат свое постојано местожителство или седалиште во тугина-иностранство, без обизр на поданството на физичките лица и на собственоста на предпријатијата. Во истиот смисол под домашни лица се подразбираат физички и правни лица који имаат свое местожителство, седалиште и место на управата во земјата, без обзир на поданството на физичките лица и на собственоста на предпријатиата.

ј) Пријавите се поднесуват на филиалата на Народната банка, Скопје. Лица који имаат свое местожителство во Скопје должни са пријавите да ги предадат на филиалата на Народната банка, а останалите лица има пријавите да ги испратат со препорачани писма.

к) Неподнесуене на пријава или наведуване на погреишни податоци подлежуват на казна.

Од Народната банка 21 мај 1945 година

Од околиискиот одбор во град Ресен под број 100 от 24 I 1945 г. беше издаден оружен лист на име Гјоргји Ил. Ефтимовски од село Езерени. За да може да држи ловачка пушка. Истиот е изгубен и се прогласува за неважен.